РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: E pranuar: | 12.03.2010 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 11/1 | 460/10 | | |

Република Северна Македонија
Министерство за информатичко
општество и администрација

| Примено: | 12.03.2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 11/1-460/10 | | | |

# Записник од продолжението на втората седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Агенција за електронски комуникации | | |
| **Датум** | 14.02.2020 година | **Време** | 14:00 – 15:30 часот |
| **Бр. на седница** | Четврта седница - продолжение | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов– претседател<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Љубен Талев (надворешен соработник-експерт), Милан Николовски (надворешен соработник-експерт), | | |
| **Логистичка поддршка** | Владимир Соколов, МИОА<br>Мишко Талески, МИОА | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог записникот од продолжението на четвртата седница одржано на 30.01.2020 година ;
2. Усвојување на Методологијата за утврдување на Индексот на дигитална економија и општество (DESI-Digital Economy and Society Index) и предлог образецот за формата и содржината која треба да ја содржи Извештајот за развој на бродбенд пазарот согласно DESI, како и пропратното писмо до министерот за информатичко општество и администрација ;
3. Усвојување на Предлог – Обрасците за добивање податоци и Упатство за доставување на податоци за постоечка и планирана оптичка инфраструктура изградена со јавни средства
4. Разно

## БЕЛЕШКИ

Продолжението на четвртата седница го отвори претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, кој утврди дека се присутни пет членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува.

**За првата точка од дневниот ред,**
Во однос на првата точка, членовите на НКБК без забелешки и приговори го усвоија записникот од продолжението на четвртата седница, одржано на 31.01.2020 година.

**За втората точка,**
Во рамките на втората точка за усвојување на Методологијата за утврдување на Индексот на дигитална економија и општество, членот на НКБК, Славица Настеска, нагласи дека покрај соработка со Агенцијата за електронски комуникации, од каде ќе се добива најголемиот број на податоци неопходни за следење на димензијата „Поврзливост", ќе биде неопходна соработка и со државниот Завод за статистика и со Централниот регистар. Таа додаде дека НКБК ќе има задача да препознае како котира државата во однос на европските земји, преку индикаторите кои ќе бидат составен дел на извештајот.

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, дополни дека до 31 март 2020 година, треба да се објави првиот извештај кој ќе ги сублимира податоците за состојбата во

земјата. Надворешниот соработник-експерт, Милан Николовски, потенцира дека првиот извештај сигурно нема да ги даде целосно очекуваните резултати и дека ќе биде нецелосен, но ќе биде појдовна основа за покомплетност и посодржајност на податоците во следните извештаи. Во тој контекст, Славица Настеска дополни дека и немањето показател за некој индикатор во извештајот ќе биде поттик и мотив во идните извештаи да се обезбедат дополнителни податоци.

Буковалов соопшти дека во наредниот период треба да се оствари работна средба со претставници на Заводот за статистика од каде треба да се добијат податоци за рурални и урбани населени места, а ќе се дискутира и за прашалниците за поврзаноста на домаќинствата со мобилните мрежи кои кај нив се поинаку дефинирани и истите треба да се усогласат со методологијата. Исто така, ќе се оствари работна средба со претставници на Централен регистар од каде ќе треба да се добијат податоци за видот на конекцијата на малите, средните и големите компании.

**Заклучок:** НКБК едногласно ги усвои Методологијата за утврдување на Индексот на дигитална економија и општество (DESI-Digital Economy and Society Index) и предлог образецот за формата и содржината која треба да ја содржи Извештајот за развој на бродбенд пазарот согласно DESI, како и пропратното писмо до министерот за информатичко општество и администрација. Документите ќе бидат доставени и до Агенцијата за електронски комуникации.

**За третата точка од дневниот ред,**

По однос на третата точка која се однесуваше на Предлог – Обрасците за добивање податоци и Упатството за доставување на податоци за постоечка и планирана оптичка инфраструктура изградена со јавни средства, претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, информираше дека документите се целосно подготвени и финализирани од страна на членот на НКБК, Зоран Дервишов, а во соработка и консултација со надворешните соработници Зоран Мурџев, Сашко Стојановски и Милан Николовски.

**Заклучок:** НКБК едногласно ги усвои Предлог – Обрасците за попис и Упатството за достава на податоци за постоечка и планирана оптичка инфраструктура изградена со јавни средства. Документите ќе бидат доставени до Меѓуресорската работна група за Анализа на постоечката инфраструктура.

**За четвртата точка од дневниот ред,**

Претседателот на НКБК Димитар Буковалов информираше околу новите моменти со

Светска банка и нивната заинтересираност за подготовка на анализа за користењето на интернетот во земјата преку своевидно истражување.
Исто така, се отвори дискусија околу усогласување на законите за градење со регулативата за електронски комуникации од аспект на изградба на оптичка инфраструктура и 5Г мрежа. Милан Николовски нагласи дека процесот треба да се заснова на добра анализа, пред се од аспект на утврдување на целите, имајќи предвид дека постојната постапка за изградба на телекомуникациска инфаструктура е сложена. Буковолавов истакна дека што поскоро треба да се формира меѓуресорска работна група за усогласување на регулативата за градење со регулативата за електронски комуникации, врз основа на доставените предлози на операторите во процесот на подготовка на НОБП. Ова дотолку повеќе што АЕК планира оваа година да распише тендер за доделување на радиофреквенции за 5Г.

**Заклучок :**
На наредниот состанок на НКБК ќе се оствари работна средба со претставници на ЈП Македонска радиодифузија, со цел да известат за напредокот со мапирањето на јавните институции и бесплатните WiFi точки. На состанокот ќе се дискутира и за начинот на пополнување на обрасците и табелите кои ќе се достават до имателите на оптичка инфраструктура изградена со јавни средства.

Записникот го водеше **Владимир Соколов**

Претседател на НКБК **Димитар Буковалов**